**З А П И С Н И К**
**од третата форумска сесија**
**15.11.2022, Општина Крива Паланка**
**почеток во 13:00 часот**

| Присутни членови на ОГ | Отсутни |
|---|---|
| Гордана Ристовска | |
| Анкица Јаќимовска | |
| Љупка Ангеловска | |
| Виктор Петровски | |
| Антон Јакимовски | |
| Лидија Митовска -модератор | |
| вкупно: 6 | вкупно: 0 |

**Вовед:**

Третата форумска сесија на буџетскиот форумски процес за родово одговорно планирање на буџетот во Општина Крива Паланка се одржа во големата сала на општината на ден 15.11.2022 година, во периодот од 13:00 до 16:00 часот. На третата форумска сесија присуствуваа 50 граѓани на Општина Крива Паланка во следниот состав:

| ВКУПНО: | Жени: | Мажи: |
|---|---|---|
| 51 | 37 | 14 |

**Дневен ред:**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Добредојде, дневен ред и цели на третата форумска сесија<br>-Усвојување на дневниот ред<br>-Усвојување на Записникот од втората Форумска сесија | 13:00-13:10 |
| 2. | Преглед на расходи по годишната општинска буџетска програма за 2023 година за изградба на улици и патишта<br>- Презентација,дискусија и предлози од граѓаните<br>- Родова анализа на предлозите | 13:10-13:30 |
| 3. | Преглед на расходи по годишната општинска буџетска програма за 2023 година за уредување на градежно земјиште.<br>- презентација, дискусија и предлози од граѓаните<br>- родова анализа на предлозите | 13:30 - 13:50 |
| 4. | Преглед на расходи по годишната општинска буџетска програма за 2023 година за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа.<br>- презентација, дискусија и предлози од граѓаните<br>- родова анализа на предлозите | 13:50 - 14:10 |
| 5. | Преглед на расходи по годишната општинска буџетска програма за 2023 година за локален економски развој.<br>- презентација, дискусија и предлози од граѓаните<br>- родова анализа на предлозите | 14:10 - 14:30 |
| 6. | Пауза | 14:30 - 14:45 |
| 7. | Преглед на расходи по годишната општинска буџетска програма за 2023 година за соработка со граѓански организации и фондации и расходите по програмата за млади.<br>- презентација, дискусија и предлози од граѓаните<br>- родова анализа на предлозите | 14:45 - 15:05 |
| 8. | Преглед на расходи по годишната општинска буџетска програма за 2023 година за култура<br>- презентација, дискусија и предлози од граѓаните<br>- родова анализа на предлозите | 15:05 - 15:25 |
| 9. | Утврдување на следни чекори<br>-формирање на работна група за расходите | 15:25 - 15:35 |

**Записник од сесијата:**

**Т.1. Добредојде, дневен ред и цели на третата форумска сесија**

На почетокот на третата форумска сесија, модераторот Митовска им посака добредојде на присутните учесници, осврнувајќи се накратко на работата и целите на изминатите две форумски сесии. Митовска ја истакна улогата на граѓаните во спроведувањето на буџетскиот процес и партиципативната подготовка на буџетот и можноста што ја имаат граѓаните во процесот на распределбата на буџетските средства во општината за 2023 година. Притоа, посочи дека нивните размислувања, дискусии и предлози треба да бидат насочени кон реалните финансиски можности на општината.

**Т.1.1 Усвојување на дневниот ред за работа**

Модерторот Митовска го презентираше дневниот ред и целите на третата форумска сесија, појаснувајќи дека на третата сесија ќе бидат претставени уште еден дел од буџетските програми на Општина Крива Паланка за 2023 година што ќе бидат предмет на дискусија на форумската сесија.

Потоа дневниот ред за работа од страна на модераторот беше ставен на гласање и едногласно усвоен од страна на форумот.

**Т.1.2 . Усвојување на записникот од втора форумска сесија**

Модераторот Митовска потсети на работата на втората форумска сесија и на процесот на буџетирање. Потоа ги повика присутните да го разгледаат записникот, кој беше поделен по работните маси од страна на членовите на ОГ и да дадат свои забелешки по истиот, доколку ги имаат.

Модераторот Митовска отвори расправа по записникот од втората форумска сесија, немаше никакви забелешки на записникот и немаше пријавено никој за дискусија .

Потоа записникот од втората форумска сесија, од страна на модераторот беше ставен на гласање и едногласно усвоен од страна на форумот.

**Т.2. Преглед на расходи по годишната општинска буџетска програма за 2023 година за изградба на улици и патишта**

Презентација на расходите по Програмата за изградба на улици и патишта ја презентираше Раководителот на одделението за комунални дејности - Никола Граматиков.

По презентацијата на програмата модераторот отвори дискусија и за збор се јави

- Жаклина Цветковска од работната маса Култура која праша Дали во програмата како што истакна раководителот е планирана само реконструкција на главната улица Св.Јоаким Осоговски или е планирано и нејзино проширување. Раководителот Граматиков кажа дека зависно од техничките и сообраќајни услови зависи и изградбата на кружен тек кај Crларски мост, додека пак планирана е целосна реконструкција на улицата Св.Јоаким Осоговски во рамките на буџетските можности и атмосферска канализација на одредени критични места.

- Анѓелина Ѓошевска од работната маса Комунални дејности нагласи дека улиците 11ти Октомври и Никола Тесла се реконструирани и ревитализирани, но сеуште има неколку

нивни краци кои не се завршени, праша дали ќе бидат завршени и тие за да целата таа населба биде комплетирана во една целина со реконструирани/асфалтирани улици.
Раководителот објасни дека рехабилитација односно тековно одржување на улицата 11ти Октомври е во програмата, согласно со тоа и останатите неасфалтирани краци би требало да бидат уредени.

-Едита Поцева од работната маса Урбанизам започна дискусија на која се надоврзаа и други учесници на форумот во врска со необезбедената кривина кај Карпош, истакна дека се случиле неколку сообраќајни незгоди дури и со смртни последици само како резултат што кривината не е соодветно обележана, нема поставено лежечки полицаец, а се вози брзо и дополнителен проблем претставуваат паркираните тешки товарни возила на проширувањето тука.

Раководителот Граматиков посочи дека ова е навистина голем проблем, но оваа точка или дискусија треба да се даде како предлог во програмата за донесување на урбанистички планови или поставување на сообраќајна сигнализација.

- Јане Денковски праша дали се размислува за спојување на ул.Македонска со љиљаков мост?

**<u>Предлози по Програмата за изградба на улици и патишта во општина Крива Паланка за 2023 година и презентери по работни маси:</u>**

| **Предлози по Програмата за изградба на улици и патишта во општина Крива Паланка за 2023 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на 3 ФС** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1. Да се обезбеди кривината кај Карпош, да се издвои од паркингот, и по можност да се стави лежечки полицаец и забрана за парркирање на товарни возила. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Јане Денковски |
| 2. Асфалтирање на ул.Коце Металец – околу 600 000 денари | Комунални дејности – Ангелина Ѓошевска |
| 3. Кружен тек на клучката со магистралниот пат (кај Карчо)<br>4. Асфалтирање на улици во нас.Бегови бавчи-500 000 денари | Култура – Жаклина Цветковска |
| 5. Изградба на тротоар од Осичка маала до мотел<br>6. Воведување на сообракајна сигнализација на патото кон Калин Камен (заради зголемена безбедност и означување на кривините) | Јавни дејности – Димитар Петровски |
| 7. Приоритет на изработка на техничка документација за локален пат Конопница-Крстата падина<br>8. Изградна на метален надвозник спој со мост кај ОУ Јоаким Крчовски и ул.Херој Карпош- 500 000 денари | Економски развој и туризам– Мира Георгиевска |

| | |
|---|---|
| 9. Санација на пристапни патишта и јавна површина кај "Зелен пазар" | Општинска администрација – Марија Златановска |

**Т.3 Презентација на Расходи по Програмата за уредување на градежно земјиште**

Презентација на расходите по Програмата за уредување на градежно земјиште ги презентираше Раководителот на одделение за комунални дејности – Никола Граматиков.
По презентацијата на расходите по Програмата за уредување на градежно земјиште за 2023 година беше отворена дискусија на која се јави

- Едида Поцева и праша дали се планира изградба на Прочистителна станица?

Раководителот Граматиков појасни дека само изработка на проек чини повеке од 50 000 евра, додека самата изградба би чинела далеку над буџетските можности на општината.

**<u>Предлози по Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Крива Паланка за 2023 година и презентери по работни маси:</u>**

| **Предлози по Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Крива Паланка за 2023 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на 3 ФС** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1. Спојување на ул.Македонска (кај кошот) со љиљаков мост со поплочување и скали со држачи. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Јане Денковски |
| 2. Идејно решение за нови паркинг простори во центарот на градот | Комунални дејности – Ангелина Ѓошевска |
| 3. Решавање на имотно-правен спор за спортската сала кај мотел Македонија | Култура – Жаклина Цветковска |
| 4.Реконструкција на мостот од скалите кај Маке Петрол кон нас.Бегови бавчи<br>5.Да се предвиди и уреди паркинг простор за тешки товарни возила | Јавни дејности – Димитар Петровски |
| 6. Реконструкција на мост на Дубровничка река<br>7. Уредување на пропустите на Селска река | Економски развој – Сашо Цветковски |
| 6. Изградба и поставување на спортско-рекреативни детски игралишта – 2 000 000 денари | Општинска администрација – Мартин Николовски |

**Т.4 Презентација на Расходи по Програма за изградба, реконструкција и одржување на локална водоводна мрежа во општина Крива Паланка**

Расходите по Програма за изградба, реконструкција и одржување на локална водоводна мрежа ги презентираше Раководителот на одделение за комунални дејности – Никола Граматиков.

По презентацијата на расходите по програмата за изградба, реконструкција и одржување на локална водоводна мрежа беше отворена дискусија на која никој не се јави за збор, бидејќи немаше пријавено никој за дискусија, предлозите беа утврдени помеѓу самите членови на работните маси.

**Предлози по Програма за изградба, реконструкција и одржување на локална водоводна мрежа во општина Крива Паланка за 2023 година и презентери по работни маси:**

| **Предлози по Програма за изградба, реконструкција и одржување на локална водоводна мрежа на подрачјето на општина Крива Паланка за 2023 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на 3 ФС** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1.Нема чиста животна средина без ПРОЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Едита Поцева |
| 2.Атмосферски одвод на улица Баглачка -150 000 денари | Комунални дејности – Ангелина Ѓошевска |
| 3.Чистење и одржување на на атмосферска канализација во нас.Бегови Бавчи, ул. 17та Македонска Бригада и на други улици<br>4.Оградување на базените вода за пиење во подрачните училишта во Подржикоњ, Луќе, Добровница и Конопница | Култура – Жаклина Цветковска |
| 5. Решавање на проблемот со водата за пиење | Јавни дејности – Димитар Петровски |
| 6. Решавање на проблемот со водата за пиење (матна вода) | Економски развој – Сашо Цветковски |
| 7.Изградба на прва фаза од водоснабдителен систем "Вирови Грамаѓе "– 25 000 000. | Општинска администрација – Марија Златановска |

**Т.5 Презентација на Расходи по Програма за локален економски развој во општина Крива Паланка**

Расходите по Програма за локален економски развој ги презентираше Валентина Ангеловска - Раководител на одделение за јавни дејности, економски развој и ИТ.
По презентацијата на расходите по програмата за локален економски развој беше отворена дискусија на која никој не се јави за збор, и бидејќи немаше пријавено никој за дискусија, предлозите беа утврдени помеѓу самите членови на работните маси.

**Предлози по Програма за локален економски развој во општина Крива Паланка за 2023 година и презентери по работни маси:**

| **Предлози по Програмата за локален економски развој во општина Крива Паланка за 2023 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на 3 ФС** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1. Обуки за занаети во изумирање во соработка со АВРМ. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Теа Филиповска |
| 2.Унапредување и развој на земјоделството и сточарството во Општината на обука претприемачки капацитети | Комунални дејности – Ангелина Ѓошевска |
| 3.Обука и размена на искуства за рурални жени преку посета на развиени селски стопанства во државата и странство. | Култура – Жаклина Цветковска |
| 4.Стимулативни мерки за поддршка на МСП. | Јавни дејности – Димитар Петровски |
| 5. Поттикнување на селски- рурални домаќинства- субвенционирање. | Економски развој – Сашо Цветковски |
| 6. Обезбедување на услови за развој на локалитет Калин Камен во функција на развој на туризмот. -1.000.000ден. | Општинска администрација – Мартин Николовски |

Откако беа презентирани, дискутирани и дадени предлози од страна на работните маси за четирите родово одговорни буџетски програми, модераторот даде кратка пауза, по која се продолжи со презентациите по Програмата за соработка со граѓански организации и фондации, Програма за млади и Програмата за култура на Општина Крива Паланка за 2023 година.

**Т.6 Презентација на Расходи по Програма за соработка со граѓански организации и фондации и Програма за млади во општина Крива Паланка**

Во интерес на времето, но и поврзаноста на целите, Раководителот на Сектор за општи-правни работи, финансиски прашања и локален економски развој ги презентираше

Расходите по Програмата за соработка со граѓански организации и фондации и Програмата за млади**.**

Николовски нагласи дека двете програми се родово сензитивни, а поради големото присуство на учесници од Невладините организации на форумот даде и појаснување за усвоениот методолошки пристап за транспарентна распределба на средства наменети за организациите на граѓанското општество т.н **ЛОД Методологија.** Со примената на ЛОД метологијата се обезбедува квалитет, во процесот на планирање и имплементација на проекти, како и униформирана употреба на алатки и документација за успешна имплементација и моноторинг на проектите и трошењето на средствата.

По презентациите на расходите на двете програми беше отворена дискусија на која никој не се јави за збор, и бидејќи немаше пријавено никој за дискусија, предлозите беа утврдени помеѓу самите членови на работните маси.

**<u>Предлози по Буџетска програма за соработка со граѓански организации и фондации и програма за млади во општина Крива Паланка за 2023 година и презентери по работни маси:</u>**

| **Предлози по Програмата за соработка со граѓански организации и фондации и програма за млади во општина Крива Паланка за 2023 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на 3 ФС** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1. Рекреативно катче за млади. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Теа Филиповска |
| 2.Поголемо учество на младите во донесување на одлуките во делот на младинската политика. | Комунални дејности – Ангелина Ѓошевска |
| 3.Зголемување на фондот за стипендии поголем број на стипендии . | Култура – Жаклина Цветковска |
| 4.Волонтерство на млади лица поддржано од локалниот бизнис. | Јавни дејности – Лидија Тричковска |
| 5.Центар за НБО<br>6. Поддршка за младите таленти. | Економски развој – Сашо Цветковски |
| 7.Едукативни работилници наменети за РО ММС за зголемување на капацитетите за искористување на средства од пристапни фондови. | Општинска администрација – Марија Златановска |

**Т.7 <u>Презентација на Расходи по Програмата за култура во општина Крива Паланка за 2023 година</u>**

Презентација на расходите по Програмата за култура во општина Крива Паланка за 2023 година ги презентираше Раководителот на одделение за јавни дејности, економски развој и ИТ – Валентина Ангеловска.

По презентацијата на расходите по Програмата за култура во општина Крива Паланка за 2023 година, беше отворена дискусија но никој не се јави за збор.

**<u>Предлози по Програмата за култура во општина Крива Паланка за 2023 година и презентери по работни маси:</u>**

| **Предлози по Програмата за култура во општина Крива Паланка за 2023 година и презентери по работни маси од граѓаните дадени на 2 ФС** | **Работна маса и презентер** |
|---|---|
| 1.Локално радио или локална телвизија. | Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина – Јане Денковски |
| 3. Зачувување на културата и традицијата (осоговско село, копиријада, и народни носии) | Комунални дејности – Мери Стојановска |
| 4. Детски хепенинг за меѓународен ден на детето- 19ти јуни<br>5. Поддршка на млади автори за издавање на авторски дела и збирки (поезија / проза)<br>6. Финансирање на едукативни и креативни работилници за културно наследство -60 000 денари од буџет на градски музеј | Култура – Жаклина Цветковска |
| 5. Зголемен број на театарски претстави во текот на цела година, вклучувајќи ги детските претстави. | Јавни дејности – Ирена Белешковска |
| 6.Вклучување на институциите од науката и културата во меѓународните проекти за културна размена. | Економски развој – Сашо Цветковски |
| 7.Фестивал на храна збогатен со културно уметнишка програма –пороизлезен од збратимувањето со град Лесковац. | Општинска администрација – Марија Златановска |

**Т.8 Утврдување на следни чекори, формирање на работна група за расходите одредување на термин за следната сесија и оценка на форумска сесија**

Со по еден предлог од секоја работна маса беше формирана работната група за расходите во следниот состав:

1. Јане Денковски од работна маса Урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина
2. Ангелина Ѓошева од работна маса Комунални дејности
3. Жаклина Цветковска од работна маса Култура
4. Димитар Петровски од работна маса Јавни дејности
5. Сашо Цветковски од работна маса Економски развој и туризам

Терминот за следната трета форумска сесија е 29.11.2022 год.(вторник) со почеток во 13 часот.

**Завршен параграф:**
Втората форумска сесија заврши во 16:00 часот.

**Записникот го подготвиа:**
**Гордана Ристовска и Анкица Јаќимовска**